**20141996119**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2014 година.

Бр. 07 – 4875/1
29 декември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), во членот 16 став (1) алинеја 5 се брише.

Член 2

Во членот 19, ставовите (7), (8), (9), (10), (11) и (12) се менуваат и гласат:

“Претседателот и членовите на Комисијата не можат да бидат воздржани при гласање.

Комисијата одлучува во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата, доставена од првостепениот орган.

Првостепениот орган е должен во прилог на жалбата, до Комисијата да ја достави потребната документација која е од битно значење за правилно решавање на предметот.

Жалбата го одлага извршувањето на актот донесен од страна на првостепениот орган.

Комисијата при одлучувањето може да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди првостепеното решение, да ја уважи жалбата и да го поништи решението на првостепениот орган и предметот да го врати на повторно одлучување или самата да одлучи.

Комисијата самата одлучува во случаи кога постапува по изјавена жалба против акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање.”

По ставот (12) се додаваат шест нови става (13), (14), (15), (16), (17) и (18) кои гласат:

„(13) За да донесе одлука по изјавена жалба, Комисијата го известува првостепениот орган во рок од три дена од денот на донесувањето на истата.

(14) Првостепениот орган е должен во рок од три дена да ја достави одлуката од став (13) на овој член до административниот службеник.

(15) Доколку жалбата биде уважена првостепениот орган е должен да постапи по одлуката на Комисијата во рок од осум работни дена од приемот на истата.

(16) Против одлуката на Комисијата незадоволниот административен службеник може да поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

(17) Доколку Комисијата не донесе одлука во рок од осум работни дена од денот на приемот на жалбата кандидатот, во рок од 15 дена по истекот на осумте дена, има право да поднесе тужба пред надлежниот суд.

(18) За работата на Комисијата директорот на Агенцијата донесува Деловник за работа."

Член 3

Во членот 23 став (3) сврзникот „и" се заменува со „запирка" и се додаваат зборовите: „Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

Член 4

Членот 32 се менува и гласи:

„Институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата на административните службеници врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор, за што раководното лице на институцијата подготвува годишен план за вработувања за следната календарска година (во натамошниот текст: годишен план).

Член 5

Членот 33 се менува и гласи:

„Институциите имаат обврска два пати годишно да известуваат за реализација на годишниот план согласно со Законот за вработените во јавниот сектор".

Член 6

Насловот на членот 34 и членот 34 се менуваат и гласат:

**"Барање за објавување на јавен оглас**

Член 34

(1) За започнување на постапка за вработување, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар до Агенцијата доставува барање за објавување на јавен оглас, кој Агенцијата во рок од 5 дена од приемот на барањето треба да го објави.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, се приложува извод од годишниот план на институцијата во однос на бројот на планирани нови вработувања и бројот на реализирани нови вработувања по припадност на заедница, доколку до датумот на поднесување на барањето биле реализирани, известувањето за обезбедени финансиски средства од членот 30 став (5) од овој закон."

Член 7

Во членот 35 став (4) зборовите: "на Агенцијата" се заменуваат со зборовите: "на институцијата за чии потреби се објавува огласот".

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) се бришат.

Член 8

Во членот 36 став (2) по првата алинеја се додава нова алинеја која гласи:

“- доказ за општа здравствена способност за работното место”.

Член 9

Членот 37 се менува и гласи:

„(1) Агенцијата формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

(2) Комисијата за селекција од ставот (1) на овој член е составена од:

- административен службеник од Секторот за селекција на кандидати во Агенцијата кој е претседател на Комисијата и негов заменик,

- раководителот на организационата единица за управување со човечки ресурси, односно административниот службеник кој ги врши работите кои се однесуваат за управување со човечки ресурси ако нема организациона единица во институцијата која вработува и негов заменик,

- раководителите на организационите единици во кои работните места се пополнуваат, односно непосредно претпоставените доколку нема раководители како и нивни заменици и/или

- административен службеник од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и негов заменик доколку постапката се спроведува за органи на државната управа.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во новоснованата институција во која нема вработени административни службеници, или во институцијата во која нема раководни административни службеници, членовите на Комисијата за селекција и/или нивните заменици се определуваат од Секторот за селекција на кандидати во Агенцијата.

(4) Комисијата за селекција од ставот (1) на овој член ја формира директорот на Агенцијата со решение, врз основа на номинација на членови од институцијата која вработува.

(5) Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор најдоцна до 31 декември во тековната година е должен до Агенцијата да достави листа на административни службеници кои можат да бидат членови на комисиите за селекција за органите на државната управа.“

Член 10

Во членот 39 став (9) по првата реченица се додава нова реченица која гласи:

„Познавањето на англиски јазик може да се докаже и со приложување на меѓународно признатиот сертификат по НАТО стандардот STANAG 6001 на соодветното ниво, при што административните службеници од категорија Б1 и Б2 треба да поседуваат сертификат со STANAG 2+2+2+2+, административните службеници од категорија Б3 и Б4 треба да поседуваат сертификат со STANAG 2222, административните службеници од категорија В треба да поседуваат сертификат со STANAG 1+1+1+1+, а административните службеници од категорија Г треба да поседуваат сертификат со STANAG 1111.”

Во ставот (11) зборовите: „секоја постапка” се заменуваат со зборовите: „секое различно работно место”.

Член 11

Во членот 41 ставот (16) се брише.

Член 12

Во членот 42 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) При спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција треба да утврди дали кандидатот го исполнува условот од членот 31 став (1) алинеја 2 на овој закон, и врши соодветно бодување.”

Ставовите (9) и (10) стануваат ставови (10) и (11).

Член 13

Членот 44 се менува и гласи:

“(1) Комисијата за селекција, од конечните ранг-листи по работни места, избира онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за таквото работно место, и во рок од три дена и ги предлага на институцијата.

(2) Во случај кога на било која од ранг-листите од ставот (1) на овој член нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени новите вработувања, истиот се повторува само за оние работни места и за оној број на извршители, колку што недостасуваат.

(3) Доколку и при второто повторување на јавниот оглас, на ранг-листите нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени новите вработувања, колку што извршители се бараат, Комисијата изготвува единствена ранг-листа на која се рангираат кандидатите од сите претходно објавени огласи за тоа работно место и ги избира најдобро рангираните од таа листа, без оглед на припадноста на заедница, и во рок од три дена и ги предлага на институцијата.

(4) Доколку на ранг-листите од ставот (3) на овој член нема доволно кандидати, јавниот оглас во тековната година се повторува се додека работните места не се пополнат со најдобро рангираните кандидати без оглед на нивната припадност на заедница.

(5) Доколку на ранг-листата од која треба да се изврши изборот, најдобро рангирани се двајца или повеќе кандидати со ист број на бодови во втора децимала, се избира кандидатот кој има добиено најмногу бодови во фазата на административната селекција.

(6) При изборот на кандидати за раководни работни места, Комисијата води сметка за обезбедување на соодветна и правична застапеност на тие работни места.”

Член 14

Во членот 45 став (1) зборовите: „(2), (3) или (4)“ се заменуваат со зборовите: „(1), (3), или (4)“.

Член 15

Во членот 46 став (3) зборовите: “раководното лице на институцијата ја потпишува” се заменуваат со зборовите: “секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар потпишува Изјава за прифаќање на”

Во ставот (4) зборот “Декларација”, се заменува со зборот „Изјава”.

Член 16

Насловот пред членот 47 и членот 47 се менуваат и гласат:

**„Уредба за спроведување на постапката за вработување**

Член 47

Формата и содржината на барањето за објавување на јавниот оглас, формата и содржината на јавниот оглас, начинот на поднесување на пријавата, начинот на селекција

на кандидати и бодувањето на различните фази на селекција, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за вработување, се уредува со уредба која на предлог на министерот ја донесува Владата на Република Македонија.“

Член 17

Во членот 48 став 5 во алинеја 1 зборовите: „особено се истакнува“ се заменуваат со буквата „А“, а зборовите: „се истакнува“ се заменуваат со буквата „Б“.

Во алинеја 2 по зборовите: “на работно место” се додаваат зборовите: „кое согласно актот за систематизација”.

Член 18

Во членот 62 став (1) по зборовите: „врз основа на“ се додаваат зборовите: „актот за систематизација на работните места на институцијата, а во функција на остварување на надлежностите на институцијата, односно“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, работните цели и задачи за административниот службеник кој за прв пат се вработил како административен службеник во текот на првата половина на календарската година се утврдуваат во рок од 15 дена од денот на вработувањето.“

Член 19

Во членот 65 став (17) зборовите: „31 декември” се менуваат со зборовите: „31 јануари”.

Во ставот (19) зборовите: „1 февруари” се менуваат со зборовите: „1 април”.

По ставот (21) се додава нов став (22), кој гласи:

„(22) Доколку жалбата од ставот (21) на овој член биде уважена, оценувачот во соработка со секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должен да ги отстрани недостатоците во постапката за оценување во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот орган.”

Член 20

Во членот 67 во алинеја 1 зборовите: „особено се истакнува“ се заменуваат со буквата „А“.

Во алинеја 2 зборовите: „се истакнува“ се заменуваат со буквата „Б“.

Во алинеја 3 зборовите: „задоволува“ се заменуваат со буквата „В“.

Во алинеја 4 зборовите: „делумно задоволува“ се заменуваат со буквата „Г“.

Во алинеја 5 зборовите: „не задоволува“ се заменуваат со буквата „Д“.

Член 21

Членот 68 се менува и гласи:

“(1) Административните службеници од ранг-листата од членот 65 став (17) од овој закон за кои годишната оценка е “А”, ќе бидат наградени со бонус во износ од една плата примена во последниот месец во годината за која се вршело оценувањето.

(2) На последните 5% административни службеници од ранг-листата од член 65 став (17) од овој закон ќе им:

- престане работниот однос доколку се оценети со оценка „Д“,

- биде намалена платата во износ од 20% во период од шест месеци доколку се оценети со оценка „Г“,

- биде намалена платата во износ од 10% во период од шест месеци доколку се оценети со оценка „В“,

- биде намалена платата во износ од 5% во период од шест месеци доколку се оценети со оценка „Б“.

(3) На административниот службеник кој е оценет со оценка „Г“ во две последователни оценувања му престанува работниот однос.

(4) Доколку на ранг-листата од членот 65 став (17) од овој закон се најдат повеќе административни службеници со иста оценка во втора децимала, а таа оценка влегува во последните 5% од ранг-листата, тогаш мерките за слаб ефект ќе бидат применети за сите административни службеници со таква оценка.

(5) Доколку на ранг-листата од членот 65 став (17) од овој закон повеќе од 5% од административните службеници се оценети со оценка „Д“ тогаш мерките за слаб ефект ќе бидат применети за сите административни службеници со таква оценка.

(6) За реализирање на мерките за одличен и слаб учинок, раководното лице на институцијата донесува решение најдоцна до 1 март во тековната, за претходната година.

(7) Решението од ставот (6) на овој член е конечно и извршно и против него е дозволена тужба пред надлежен суд.

(8) Начинот на реализација на мерките за одличен и слаб учинок, за институции во кои се вработени помалку од 20 административни службеници, го пропишува министерот.

(9) Државниот управен инспекторат најмалку еднаш годишно врши надзор над спроведување на овој член, во сите институции од членот 3 став (1) од овој закон.“

Член 22

Во членот 74 по ставот 4 се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Во одлуките од ставовите (1) и (2) на овој член, задолжително се наведува датумот од кој истите се извршуваат.“

Член 23

Во членот 80 став (3) по зборот “член“ се додаваат зборовите: „може да“.

Член 24

Во членот 87, ставот (2) се менува и гласи:

“Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниот начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 200 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 175 |
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 150 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 100” |

Член 25

Во членот 93 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Владата на Република Македонија поблиску го уредува начинот за распределување на надоместоците.”

Член 26

Во членот 98 став (5), алинејата 6 се менува и гласи:

„наврши 62, 63, 64 или 65 години старост (за жени), односно 64, 65, 66 или 67 години старост (за мажи)“.

Член 27

Во членот 101 став (2) алинеите 2 и 3 се бришат.

Во алинејата 4, која станува алинеја 2, бројот “(4)” се заменува со бројот “(6)”.

Во ставот (3) се додава нова алинеја 1 која гласи:

„- не донесе одлука за избор, спротивно на членот 45 став (1) од овој закон во рок од пет дена по добивањето на предлогот“.

Алинеите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7.

По алинеја 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:

„- не го наведе или не го почитува датумот на извршување на одлуките, спротивно на членот 74 став (5) од овој закон.

Алинејата 7 станува алинеја 9.

Член 28

Членот 106 се брише.

Член 29

(1) Административните службеници кои до денот на отпочнување со примена на овој закон, се распоредени на работни места за кои не го исполнуваат посебниот услов за стручни квалификации за нивото на работно место на кое се распоредени во однос степенот и видот на образованието, се должни да го исполнат условот во рок од седум години од денот на отпочнување со примена на овој закон.

(2) Административните службеници кои нема да го исполнат посебниот услов во рокот утврден во став (1) на овој член, најдоцна до 1 Март 2022 година ќе бидат распоредени на работни места за кои го исполнуваат условот.

(3) Ставот (1) на овој член не важи за административните службеници кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 30

Работните цели и задачи како и индивидуалниот план за стручно усовршување за 2015 година, претпоставениот административен службеник во соработка со административниот службеник ќе ги утврди два месеца од денот на отпочнување со примена на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

Член 31

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од еден месец од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).